Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Рег. бр. 14.4-148818/1
Скопје, 27.07 2026

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Министер за внатрешни работи
- Директор на БЈБ
- Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

# И З В Е Ш Т А Ј

**за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за период јануари -јуни 2026 година**

Во текот на првите шест месеци од 2026 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презема мерки и активности за проверка на **708 случаи** на посочено незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на вработени во Министерството. Во споредба со истиот период минатата година кога Одделот има постапено по 622 случаи , оваа година забележано е **зголемување на бројот на случаи за 13,8%.**

Од **708** случаи за кои се вршени проверки, **250** предмети се оформени врз основа на добиени наредби од Основните јавни обвинителства, известувања, телеграми, сознанија и предмети оформени на друг начин, а **458 предмети по добиени претставки** од граѓани, здруженија на граѓани и правни лица.

Од постапувањето по предметите оформени врз основа на поднесените претставки, донесени се заклучоци во однос на наводите изнесени во истите. Прегледот на донесените заклучоци во овој период, споредбено со истиот период минатата година е даден во Табела 1.

Табела 1. Заклучоци по наводите во претставките

| | Основани | Делумно основани | Нема докази | Неосновани | Одделот веќе постапувал | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2026 г.** | 69 | 47 | 188 | 152 | 2 | 458 |
| **2025 г.** | 52 | 44 | 114 | 175 | 2 | 387 |

Од постапувањето по предметите, во случаите каде се утврдени одредени неправилности во работењето на вработени во Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

# ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Министерството за внатрешни работи и Правилникот за начинот на вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството на внатрешни работи, Одделот поднесе Предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и изрече задолжителни мерки. Поднесените предлози и изречените задолжителни мерки споредбено со истиот период минатата година се прикажани во Графикон 1.

**Графикон 1. Поднесени предлози и изречени задолжителни мерки**




При постапувањето на Одделот, утврдени се одредени неправилности, за кои Одделот даде препораки и укажувања на **76 организациски единици** во Министерството, согласно член 20 од Правилникот за начинот на вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството за внатрешни работи, а со цел отстранување на неправилностите и подобрување на работењето.

При преземање на мерки и активности по случаите со наводи за незаконито, непрофесионално и неетичко постапување, Одделот изврши проверки врз **1499 вработени** во Министерството. Во Графикон 2 е прикажан бројот на вработените врз кои се вршени проверки, според статус и пол.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Графикон 2. Вработените врз кои се вршени проверки според статус и пол




Од извршената анализа на предметите за кои од страна на Одделот е постапувано во шесте месеци утврдено е дека најголем број на вработени, односно **223 вработени** постапиле спротивно на Етичкиот кодекс на однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, **79 вработени** постапиле спротивно на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи и **73 вработени** постапиле спротивно на Правилата за начинот на однесување и меѓусебните односи на работниците со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи.

Во случаите каде се утврдени незаконитости кои имаат обележје на кривично дело, Одделот до надлежните јавни обвинителства поднесе **23 кривични пријави** против **28 лица**, од кои **25** се вработени во Министерството и **три** се физички лица. Бројот на поднесени кривични пријави, кривично пријавени лица и кривични дела за кои се поднесени кривични пријави, споредбено со истиот период минатата година се дадени во Табела 2.

Табела 2. Поднесени кривични пријави, кривично пријавени лица и кривични дела

| | Кривични пријави | Кривично пријавени | Кривични дела |
|---|---|---|---|
| **2026г.** | 23 | 28 | 26 |
| **2025г.** | 38 | 103 | 42 |

Кривичните пријави кои се поднесени во овој период се поради постоење основи на сомнение за сторени **26 кривични дела**, од кои **четири кривични дела** се **„Злоупотреба на службената положба и овластување“** по член 353 од Кривичниот законик, по **три кривични дела „Одавање службена тајна“** по член


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

360 од Кривичниот законик, **„Примање поткуп“**, по член 357 од Кривичниот законик и **„Безобѕирно управување со моторно возило“** по член 297-а од Кривичниот законик, по **две кривични дела „Попречување на правдата“** по член 368-а од Кривичниот законик и **„Малтретирање во вршење на службата“** по член 143 од Кривичниот законик, по **едно** кривично дело **„Лажно пријавување на кривично дело“** по член 366 од Кривичниот законик, **„Примање награда за противзаконито влијание“** по член 359 од Кривичниот законик, **„Проневера во службата“** по член 354 од Кривичниот законик, **„Противправно лишување од слобода“** по член 140 од Кривичниот законик, **„Загрозување на сигурноста“** по член 144 од Кривичниот законик, **„Фалсификување исправа“** по член 378 од Кривичниот законик, **„Полов напад и силување“** по член 186 од Кривичниот законик, **„Предизвикување општа опасност“** по член 288 од Кривичниот законик и **„Фалсификување службена исправа“** по член 361 од Кривичниот законик.

Покрај поднесените кривични пријави, во овој период Одделот оствари соработка со Основните јавни обвинителства преку навремена размена на податоци и информации, за што Одделот до истите достави **238 известувања**. Податоците за доставените известувања во споредба со истиот период минатата година се прикажани во Табела 3.

Табела 3. Доставени известувања до Основните јавни обвинителства

| | ОЈО ГОКК | Останати ОЈО | На барање | За запознавање |
|---|---|---|---|---|
| **2026 г.** | 208 | 30 | 157 | 81 |
| **2025 г.** | 174 | 24 | 126 | 72 |

Во извештајниот период, од страна на Одделот оформени се предмети по примени поднесоци со наводи за **прекумерна употреба на физичка сила** од страна на полициски службеници при примена на полициските овластувања во работењето, која претставува еден од главните ризици поврзани со професионалниот интегритет.

По преземените мерки, дадени се заклучоци во однос на наводите во поднесоците, кои се **„неосновани“** во случаите кога употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена, **„нема докази“** во случаите кога не постојат докази со кои може да се потврдат наводите во претставката и **„основани“** во случаите кога употребата на физичка сила била неоправдана. Прегледот на случаите за пријавена употреба на физичка сила е дадена во Табела 4.

Табела 4. Донесени заклучоци по поднесоците за прекумерна употреба на физичка сила

| | Неосновани | Нема докази | Основани | Во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **2026 г.** | 3 | 32 | 4 | / | 39 |
| **2025 г.** | 6 | 13 | 2 | 1 | 22 |

**За поднесоците кои се основани,** Одделот поднесе две кривични пријави по член 143 од Кривичниот законик поради постоење на основано сомнение за кривично дело „Малтретирање во вршење на службата" и за два поднесоци доставени се известувања до надлежното јавно обвинителство.

Во овој период Одделот оствари соработка и со **Народниот правобранител**, кој претставува надворешен контролен механизам на работата во Министерството, со цел заштита на човековите слободи и права. Одделот одговори на барања за објаснувања, информации и докази упатени од Народниот правобранител, кои споредбено со истиот период минатата година се прикажани во Табела 5.

Табела 5. Поднесени барања од Народниот правобранител и дадени одговори

| | Поднесени барања | Одговорени барања | Во тек |
|---|---|---|---|
| **2026 г.** | 20 | 19 | 1 |
| **2025 г.** | 18 | 15 | 3 |

До Одделот се доставуваат писмени реакции во вид на претставки, жалби и поплаки против постапувањето на вработени во Министерството за внатрешни работи и од страна на невладини организации. Во првите шест месеци од годината, Одделот постапи и одговори на поднесоци доставени од Хелсиншкиот комитет за човекови права, кои се прикажани споредбено со овој период минатата година во Табела 6.

Табела 6. Доставени поднесоци од Хелсиншкиот комитет за човекови права

| | Доставени поднесоци | Одговорени поднесоци |
|---|---|---|
| **2026 г.** | 6 | 6 |
| **2025 г.** | / | / |

Во првите шест месеци од годината, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на 21 случена **сообраќајна незгода, во кои учествувале вработени со возила сопственост на Министерството,** при што против **осум вработени** е утврден основ за поведување на постапка за утврдување на материјална одговорност - надомест на штета.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

**Во периодот јануари-јуни 2026 година, Одделот изврши контрола врз работењето на 43 организациски единици во Министерството.**

Одделот постапи по Планови за контрола на квалитетот на извршување на делокругот на надлежности на организациските единици, почитување на правилата и прописите кои важат во Министерството и непотребно задржување на полициски службеници во објекти каде се организираат игри на среќа.

При извршените контроли Одделот утврди дека **осум полициски службеници** постапиле спротивно на Правилата за начинот на однесување и меѓусебните односи на работниците со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи, телеграма од директор на Бирото за јавна безбедност и Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, за што против истите поднесе Предлог за поведување на постапка за утврдување одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина.

Одделот спроведе контроли кои се однесуваа на почитување на работното време согласно распоред за работа, постапувањето на полициските службеници по Наредбите за вршење служба, користење на службените возила согласно Правилник, вршење на алкотестирање на униформирани полициски службеници за кои постои сомнение дека се под дејство на алкохол, контрола на работните евиденции и почитување на член 168 став 2 од Закон за внатрешни работи во делот кој се однесува на службени простории и моторни возила.

При спроведените контроли утврдени се неправилности во работењето на **еден полициски службеник** на кој му е укажано согласно член 206-а од Колективниот договор на Министерството за неговото несоодветно однесување односно несоодветно извршување на работните задачи со посочување да го подобри своето работење во наредниот период, како и укажување за можноста за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност доколку не го подобри своето однесување односно работење. Воедно Одделот согласно член 20 став 1 точка 6 и 7 од Правилникот за вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството даде укажување на **една организациска единица** за отстранување на неправилностите и подобрување на работењето.

**Согласно Акцискиот план за спроведување на Планот за професионален интегритет на Министерството за внатрешни работи 2026 – 2028, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди спроведе седум контроли во организациски единици во Министерството.**

Одделот при спроведените контроли утврди пропусти во работењето на **три организациски единици** за што согласно член 20 став 1 точка 6 и 7 од Правилникот за вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на Министерството се

дадени укажувања со цел отстранување на неправилностите и подобрување на работењето. Воедно на **четири полициски службеници** им е укажано согласно член 206-а од Колективниот договор на Министерството за нивното несоодветно однесување односно несоодветно извршување на работните задачи со посочување да го подобрат своето работење во наредниот период, како и укажување за можноста за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност доколку не го подобрат своето однесување односно работење.

**Постапување на Одделот по Анекс Планови**

Одделот постапи по Анекс план врз основа на Генерален план за постапување за преземање мерки и активности во врска со одржување на повторените Локални избори во општините Гостивар, Маврово и Ростуше, Врапчиште и Центар Жупа. Од постапувањето на подрачје на СВР Охрид и СВР Тетово не беше забележано непрофесионално и неетичко постапување од страна на полициските службеници кои беа ангажирани за одржување на поволна безбедносна состојба за време на одржување на повторните избори во наведените општини.

Од страна на Одделот постапено е и по Анекс план за преземање мерки и активности по повод верската манифестација „Богојавление – Водици" на 19.01.2026 година во Охрид. За времетраењето на постапување на Одделот, не се констатирани неправилности кај полициските службеници кои биле работно ангажирани и не се пријавени настани кои се во делокругот на надлежност на Одделот.

Одделот постапи по Анекс планови и презема мерки и активности за следење на извршувањето на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутните вработени во Министерството за време на посетите на претседателот на Р. Албанија Н.Е .г. Бајрам Бегај, Генералниот Секретар на НАТО Марк Руте, Претседател на Швајцарската Конфедерација, Н.Е. г. Гај Пармелин, премиерот на Р. Хрватска, г. Андреј Пленковиќ и делегација предводена од Н.Е. г. Антонио Кошта, Претседател на Европскиот совет.

За времетраењето на постапување на Одделот, не се констатирани неправилности кај полициските службеници кои биле работно ангажирани и не се пријавени настани кои се во делокругот на надлежност на Одделот.

**Од останатите активности на Одделот ги издвојуваме следните:**

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рамки на своите надлежности изработи Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2026-2028 година и Акциски план за имплементација. Донесувањето на Антикорупциската програма произлегува од потребата за зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во

работењето на Министерството, како и од обврската за усогласување со важечката законска регулатива и меѓународните стандарди за спречување на корупцијата. Со оваа програма, се потенцира обврската на сите раководни лица и работници при извршување на работните задачи да постапуваат согласно правилата, прописите и професионалните стандарди кои се применуваат во Министерството.

Одделот во јануари 2026 година изготви Извештај за реализација на мерките и активностите предвидени за 2025 година во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет на Министерството 2023-2025 година. Преку спроведените обуки, внатрешни контроли и надзори се овозможува јакнење на професионалниот интегритет, како и се влијае на намалување на корупцијата во рамките на Министерството. Во извештајот покрај анализата за секој од ризиците за 2025 година, беше изготвена и тригодишна анализа на мерливи цели на индикаторите.

Врз основа на сеопфатна анализа и податоците содржани во Извештаите за реализација на акцискиот план на Планот за интегритет 2023-2025 година, Одделот во февруари 2026 година изготви нов **План за професионален интегритет на Министерството со акциски план за негово спроведување 2026-2028 година**, во кој се предвидени дополнителни и подобрени мерки и активности за спречување и намалување на можностите за појава на различни форми на коруптивно и друго непрофесионално постапување на работниците во Министерството за внатрешни работи.

Согласно предвидените активности во рамки на Акцискиот план за спроведување на Планот за професионален интегритет 2026 – 2028, во периодот од јануари до јуни 2026 година работници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди спроведоа **десет обуки** на тема „Јакнење на професионалниот интегритет во работењето и почитување на законската и подзаконската регулатива која ја применуваат работниците“. На обуките учество зедоа вкупно **172** работници - полициски службеници и овластени службени лица во организациските единици во Бирото за јавна безбедност и Министерството за внатрешни работи. Обуките беа спроведени во организациските единици во Министерството соодветно на претходно идентификуваните ризици. На истите беа опфатени областите на професионалниот интегритет, системот и стандардите на интегритет, правилата и прописите, како и интерните акти во Министерството, а особено внимание беше посветено на Етичкиот кодекс за однесување на работниците на Министерството за внатрешни работи.

Од 01 до 05 март 2026 година делегација предводена од помошник на министерот на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди оствари работна посета на Estonia Police and Border

Guard Board во Талин, Естонија. Посетата беше реализирана во рамки на меѓународната програма организирана од Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор – DCAF со цел размена на искуства и добри практики во областа на откривање на корупција, унапредување на интегритетот на вработените во институциите и јакнење на механизмите за внатрешна контрола во безбедносниот систем. При посетата беа остварени повеќе работни средби со претставници на естонската полиција и граничната управа при што делегацијата се запозна со организацијата и функционирањето на системот за внатрешна контрола, примена на современи дигитални решенија во управување со предмети и спроведувањето на истраги и координација помеѓу институциите.

На 11.03.2026 година во просториите на Полицискиот инспекторат во Косово, делегација од Одделот присуствуваше на работен состанок во рамки на регионалниот форум на тела за надзор на полицијата на кој беше презентиран начинот на вршење на заедничка контрола на граничните премини на Р. Албанија и Р. Косово. На состанокот беа предвидени заеднички цели и интереси за вршење на заедничка контрола помеѓу службите за внатрешна контрола на Р.С. Македонија и Р. Косово на граничните премини.

На 28.05.2026 година претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди учествуваше на Webinar на тема „Улогата на органите за надзор во справувањето со корупцијата" организиран од EPAC (Европски партнери во борба против корупцијата) и EACN (Европска мрежа на контакт-точки против корупцијата).

Во периодот од 07 до 09 јуни 2026 година делегација од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, предводени од Помошник на Министерот оствари студиска посета на Албанската Агенција за Надзор на Полицијата и Албанската Полиција во рамки на проектот „Јакнење на полициската соработка и интегритетот во Министерството за внатрешни работи на РСМ", како дел од програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во РСМ. За време на посетата претставниците на Одделот се запознаа со надлежностите, организациската поставеност како и начинот на работа на Агенцијата, исто така ги презентираа надлежностите на Одделот како и процесот на Дигитализација на работните процеси во Одделот. Беше истакната подготвеноста за продлабочување на заедничката соработка со потпишување на меморандум за соработка помеѓу двете служби за внатрешна контрола, како и согласноста за преземање на активности со цел продлабочување на взаемната соработка.

Во периодот од 17 до 19 јуни 2026 година во хотел Глориус во Велес беше одржана обука на тема „Зајакнување на полицискиот одговор на родово базирано насилство и семејно насилство – пристап фокусиран на жртвата, заснован на

човекови права и мултисекторска координација“ во рамки на проектот „ЕУ поддршка за владеење на правото“, на која учество зедоа двајца претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Целта на обуката беше унапредување на полицискиот одговор и понатамошно јакнење на професионалните капацитети на инспекторите за семејно насилство и полициските службеници од регионалните сектори.

Во периодот од 22 до 24 јуни 2026 година претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди зеде учество на 21-та Летна школа за помлади антикорупциски практичари во Југоисточна Европа насловена „Превенција од корупција: практични алатки и методи за гранично управување и миграција“ која се одржа во Охрид. Во рамки на школата беа обработени повеќе тематски области поврзани со превенција и борба против корупцијата со цел подобрување на компетенциите на учесниците за наведената област.

На иницијатива на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рамки на Регионалниот ИПА проект „Поддршка на ЕУ за зајакнување на борбата против криумчарењето на мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан (EU4FAST) на 25 и 26 јуни 2026 година беше спроведена обука на тема „Борба против корупцијата“ на која учество зедоа претставници од Одделот. Предавачите на обуката од федералниот универзитет во С.Р.Германија и полициски службеник од федералната полиција на С.Р.Германија опфатија повеќе теми кои се однесуваат на ризиците и предизвиците со кои се соочуваат полициските службеници и институциите, Европската антикорупциска директива, законската и подзаконската регулатива во Германија поврзана со антикорупцијата.

Во првите шест месеци од 2026 година претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди зедоа активно учество на повеќе работилници и тоа:

- На 12 и 13 март 2026 година на работилница за идентификација и упатување на жртви на трговија со луѓе која се одржа во хотел „Рамада Плаза“ во Гевгелија;
- На 20.05.2026 година на работилница посветена на подготовка на Акциски план за имплементација на препораките од Универзалниот периодичен преглед за човекови права која се одржа во „Камник Винарија“ во Скопје и
- На 16.06.2026 година на работилница за меѓуинституционална соработка во предметите со кривични дела од омраза која се одржа во хотел Хилтон во Скопје, организирана од Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев”.

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

# ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, Одделот како организациска единица во МВР која го применува стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди и во текот на оваа година продолжува да ги исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. По извршена надзорна проверка на сертификационото тело АМ ЦЕРТ - Скопје, во извештајот од аудитот, во делот позитивни аспекти и добра пракса, за Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди утврдено е континуирано подобрување и унапредување на работните процеси, вложување во дигитализација на работните процеси и подобрување во инфраструктурните услови за работа.

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**м-р Ивица Станковски**

Изработиле: главен инспектор - Јулијана Јанаќијева
главен инспектор – Ива Колариќ Николовска
самостоен инспектор Викториа Атанасоска
самостоен аналитичар Христина Ристеска
самостоен документарист – Анита Илиевска Крстевска
Контролирал: Началник на одделение - Маја Реџепагиќ


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015